**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ**
**ПО ЈАВНИ НАБАВКИ**
Бр.07-655/7
22.09.2010 год.
С к о п ј е

Државната комисија за жалби по јавни набавки во состав: Маја Малахова – претседател, Мишо Василевски – член, Сузана Раваноска – член, Елита Шуки – член и Едита Насковска – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/2007 бр.130/2008 и бр.97/2010), постапувајќи по жалбата бр.40-10 од 14.09.2010 година на жалителот - „СИГМА - АРТ ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ – Скопје, наш бр.07-655/1 од 17.09.2010 година, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11-3908/4 од 03.09.2010 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Барање за прибирање на понуди бр.01-119/2010 за набавка на услуги - изработка на основен проект за реконструкција, адаптација и ентериерно уредување на катови од објектот во кој е сместена дирекцијата на договорниот орган - АД ЕЛЕМ - Скопје, врз основа на член 220 став 1, алинеја 1 и став 3 од Законот за јавни набавки, на 33-та Седница одржана на 22.09.2010 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1. СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на жалбата изјавена од „СИГМА - АРТ ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ – Скопје, наш бр.07-655/1 од 17.09.2010 година изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11-3908/4 од 03.09.2010 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Барање за прибирање на понуди бр.01-119/2010 за набавка на услуги - изработка на основен проект за реконструкција, адаптација и ентериерно уредување на катови од објектот во кој е сместена дирекцијата на АД ЕЛЕМ - Скопје.

**2. СЕ ПРЕКИНУВА** постапката по предметот бр. 07-603/2.

**3.** Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно.

***О б р а з л о ж е н и е***

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по предметот бр.07-603/2 во однос на вложената жалба поднесена од „СИГМА - АРТ ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ – Скопје констатира дека со допис 42/10 од 21.09.2010 година жалителот ја повлекува жалбата против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11-3908/4 од 03.09.2010 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Барање за прибирање на понуди бр.01-119/2010 за набавка на услуги - изработка на основен проект за реконструкција, адаптација и ентериерно уредување на катови од објектот во кој е сместена дирекцијата на договорниот орган АД ЕЛЕМ Скопје.

Имено, согласно член 220 став 1, алинеја 1 од Законот за јавните набавки во постапката за правна заштита, Државната комисија може да ја прекине постапката заради повлекување на жалбата од страна на жалителот.

Со оглед на изнесеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи како во диспозитивот од причина што и немаше потреба да постапува по соодветниот предмет.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Маја Малахова**

Правна поука: Согласно член 230 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Бр.07-655/7
22.09.2010 год.
С к о п ј е

Доставено до:
- Странките; и
- Архива.